**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) Бр. 2016/583**
**на КОМИСИЈАТА**

**од 15 април 2016 година,**

**со која се изменува и дополнува Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011,**
**за утврдување на заеднички услови за користење на**
**воздушниот простор и оперативни процедури за**
**избегнување на судир во воздух**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, од 20 февруари 2008 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Европската агенција за безбедност на воздухопловството, а за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ, Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ на Советот ([1]), и особено член 8(5) и 9(4) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Со Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 на Комисијата ([2]), од авионите на турбински погон, со максимално одобрена маса при полетување (MCTOM) поголема од 5 700 kg, или со кои е дозволен превоз на повеќе од 19 патници, се бара да се опремени со нова верзија на софтвер 7.1 на системот за избегнување на судири во воздух (ACAS II), со цел да се избегнат судири во воздух. Исто така, овој услов се применува и на операторите со одредени авиони кои се регистрирани во трета земја.

(2) Исто така, со Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011, и од авиопревозниците на Унијата, кои подлежат на Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот ([3]), се бара да ја инсталираат новата верзија на софтверот 7.1 на ACAS II на своите авиони. Меѓутоа,

---

([1]) Сл. весник. L 79, 19.3.2008 година, стр. 1.
([2]) Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 на Комисијата, од 16 декември 2011 година, за утврдување на заеднички услови за користење на воздушниот простор и оперативни процедури за избегнување на судири во воздух (Сл. весник. L 336, 20.12.2011 година, стр. 20).
([3]) Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, од 16 декември 1991 година, за хармонизација на техничките услови и административни постапки во областа на цивилното воздухопловство (Сл. весник. L 373, 31.12.1992, стр. 4).

оваа одредба е застарена, бидејќи Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3922/91 повеќе не се применува на тие оператори, бидејќи нејзиниот Анекс III е избришан. На тие оператори сега се применува Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата ([1]), во која се содржани потребните правила во тој поглед. Заради тоа, застарената одредба од Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 треба да се избрише.

(3) Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 содржи правила за оперативни процедури кои важат во ситуации кога ACAS II му дава индикација на летачкиот екипаж, препорачувајќи маневар за да се постигне безбедно растојание на авионот од сите закани или за одржување на постојното растојание (RA-Resolution Advisory). Бидејќи овие правила се клучни од аспект на безбедноста и за пилотите и за контролорите, особено во поглед на интеракцијата помеѓу нив, тие се подобро обработени во Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата ([2]). Затоа, правилата кои се однесуваат на тие оперативни процедури, а се наведени во Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 треба да се избришат.

(4) Заради тоа, Регулативата (ЕУ) бр. 1332/2011 треба соодветно да се измени и дополни.

(5) Мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива се засноваат врз мислењата на Агенцијата согласно член 76(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139.

(6) Мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот, кој е основан со член 127(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139.

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 се менува и дополнува како што следи:

(1) Член 4 се брише;

(2) Во член 5, ставовите 2 и 3 се заменуваат со следното:

'2. Член 3 се применува од 1 март 2012 година.

---

([1]) Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата, од 5 октомври 2012 година, за утврдување на технички услови и административни постапки кои се однесуваат на воздушни операции согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник. L 296, 25.10.2012 година, стр. 1).

([2]) Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата, од 26 септември 2012 година, за утврдување на заедничките правила за воздушниот сообраќај и оперативните одредби во врска со услугите и процедурите во воздухопловната навигација и за изменување и дополнување на Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 1035/2011 и Регулативите (ЕЗ) бр. 1265/2007, (ЕЗ) бр. 1794/2006, (ЕЗ) бр. 730/2006, (ЕЗ) бр. 1033/2006 и (ЕУ) бр. 255/2010 (Сл. весник. L 281, 13.10.2012 година, стр. 1).

3. По пат на отстапување од наведеното во став 2, во случај на воздухоплов кој има индивидуално уверение за пловидбеност издадено пред 1 март 2012 година, почнувајќи од 1 декември 2015 година ќе се применува член 3.';

(3) Анексот се заменува со текстот од Анексот кон оваа регулатива.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Таа се применува од 25 август 2016 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји–членки

Брисел, 15 април 2016 година.

*За Комисијата*
*Претседател*
Жан–Клод ЈУНКЕР

*АНЕКС*

'*АНЕКС*

**Системи за избегнување на судири во воздух (ACAS) II**

(Дел–ACAS)

**AUR.ACAS.1005 Услов за карактеристиките**

(1) Следните авиони на турбински погон се опремени со систем за избегнување на судири ACAS II, верзија 7.1:

   (а) авионите со максимална дозволена маса при полетување поголема од 5 700 kg;

   (б) авионите со одобрение да превезуваат повеќе од 19 патници.

(2) Воздухопловите кои не се спомнати во точка 1, а кои, врз доброволна основа, се опремени со ACAS II,имаат верзија 7.1 на софтверот за избегнување на судири.

(3) Точка 1 не се применува на системите за воздухоплови без екипаж.

**AUR.ACAS.1010 Обука за ACAS II**

Операторите ги утврдуваат оперативните процедури и програми за обука за ACAS II, така што екипажот на летање е соодветно обучен за избегнување на судири и стручен да ја користи опремата за ACAS II.'

___